интерпромет
а. д.
Бр. 0202-43/1
08.02. 2022 год.
Тетово

Во согласност со член 521 од Законот за трговските друштва и член 34, став 1, точка 13 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-453/1 од 15.09.2021 година, управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово на седницата одржана на ден 08.02.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за усвојување на План за поделба на Друштвото

**Член 1**

Со оваа одлука, **СЕ УСВОЈУВА** План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво, со содржина и прилози дадени во **Прилог 1** од оваа одлука.

**Член 2**

**СЕ ОВЛАСТУВА и СЕ ЗАДОЛЖУВА** Претседателот на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, Билал Лутфии, Планот за поделба, заедно со сите негови прилози, да го достави до надлежен нотар заради изготвување на нотарски акт согласно закон, да го потпише нотарскиот акт, да го објави усвоениот план за поделба во Службен Весник на РСМ да спроведе постапка за предбележување на планот за поделба во трговскиот регистар, да го објави предбележувањето на планот за поделба во Службен Весник на РСМ, да спроведе активности за известување на доверителите согласно закон, како и да ги преземе сите останати потребни дејствија, пред сите надлежни органи и институции, банки и финансиски институции, физички и правни лица, со цел успешна реализација на оваа одлука и успешно комплетирање на постапката за поделба на Друштвото, во согласност со применливите позитивно-правни прописи, Статутот и останатите акти на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

**Член 3**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, идентификувана е потреба од статусни промени во Друштвото поради деловни и организациски причини, а со цел прилагодување на деловните активности со актуелните и идните состојби на пазарот и максимизирање на потенцијалот за успешно и профитабилно работење. Со поделбата со издвојување со основање, ќе им се даде можност на постојните акционери во друштвото да преземат удел во новоснованото друштво во согласност со условите определени со Планот за поделба, а во насока на подинамичен развој на двете друштва и поголема независност на акционерите и деловните потфати. Со постоењето на две посебни правни лица со помал капитал и обврски, ќе се овозможи поефикасно работење, поголема флексибилност на друштвата, и полесно прилагодување кон променливите пазарни услови, а со крајна цел остварување на подобри финансиски резултати на секој од субјектите.

На ден 04.02.2022 година, од страна на надзорниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово е донесена Одлука за давање на претходно одобрение на управниот одбор за усвојување на План за поделба на Друштвото, со која е одобрено да се пристапи кон преземање на дејствија за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво, и воедно управниот одбор е задолжен да изготви и усвои План за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво.

Изготвен е План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво, чија содржина беше едногласно и во целост прифатена и усвоена од сите членови на управниот одбор на Друштвото.

Имајќи го во предвид горенаведеното, управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово донесе одлука како во диспозитивот.

***ПРИЛОГ 1 – План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, со прилози***

**Претседател на управен одбор на**
**ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово,**
**Билал Лутфии**

______________________________